Епизода број 4

# Заштитници на Планетата

## Одржлив развој



ОПШТИНА КАРПОШ

eco LOGIC

# Драги деца, здраво!

Денеска ќе учиме за одржливиот развој, тема која на сите Вас ќе Ви биде многу интересна. Дали знаете што е тоа одржлив развој и зошто е битно да научиме нешто повеќе за оваа тема?

Екосистемот на Планетата Земја се наоѓа во проблематична состојба. Екосистемот претставува целина од неживиот дел и живиот дел на животната средина, во кој тие се нераскинливо поврзани. Една од причините лежи во огромниот пораст на бројот на жители, особено во овој век. Влијанието на повеќе луѓе присутни на Земјата е повеќе од очигледно, потрошувачката, или подобро кажано нерационалното искористување на ресурси е се позастапено.

Се се случува поради нас, луѓето. Колку повеќе не има, толку е поголема опасноста од уништување на Земјата. Ни треба баланс, ни треба нешто кое ќе ги обедини општеството, економијата и животната средина.
Ни треба концептот наречен ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ...



# 1 Одржлив развој

Одржливиот развој претставува развој кој ги задоволува потребите на сегашната генерација, без да ги загрозува потребите на идните генерации. Во срцето на концептот за одржлив развој е верувањето дека социјалните, економските и целите на животната средина треба заемно да се надополнуваат и да бидат меѓузависни во текот на целиот развоен процес.

Овој концепт претставува спој меѓу општеството, економијата и животната средина. Се однесува на разбирањето на релациите и постигнување баланс помеѓу социјалните, економските и еколошките елементи на заедницата.
Со цел подобро разбирање на овој концепт од огромно значење е да се разграничат поимите раст и развој.

„Развој" како поим претставува прогресивно подобрување на економијата и на општеството. Од тука, одржлив развој претставува прогресивна трансформација на економијата и општеството во долг временски период, без нанесување сериозни и повратни штетни ефекти врз животната средина. Истиот претставува зголемување на квантитетот, но и зголемување на квалитетот.

„Раст" како поим претставува зголемување во квантитет, без зголемување во квалитет. Социо-економскиот раст мора да е придружуван од развојот на животната средина. Ова претставува главниот предизвик на нашето време. Успешен спој меѓу овие три елементи. Потребно е решение, и тоа веднаш.



Економијата е општествена наука која ги разгледува производството и распределбата на богатство во општеството.

Општество е група на луѓе што живеат и работат заедно во полузатворен (полуотворен) систем на меѓусебни врски и односи. Освен луѓето, во општество со прецизно определени улоги се организираат и одредени животински видови. Најкарактеристични примери за тоа се општествата на пчелите, мравките. Многу од големите филозофи и мислители  го поврзуваат појавувањето на модерното општество со појавата на капитализмот.

Социологијата на животната средина е проучување на заемното делување помеѓу општеството и животната средина, ставајќи најчесто акцент врз општествените фактори кои предизвикуваат проблеми во животната средина, влијанието на овие проблеми врз општеството и напорите за нивно разрешување.

Потрошувачко општество (консумеризмот) е социјален и економски поредок и идеологија која го охрабрува стекнувањето на стоки и услуги во се поголеми количини. Консумеризмот се користи за да се опише тенденцијата на луѓето силно да се идентификуваат со производите или услугите кои ги консумираат. Индустриската револуција и масовното производство драматично ја зголеми достапноста на стока за широка потрошувачка. За прв пат во историјата производите станаа достапни во исклучително големи количини, по исклучително ниски цени и станаа прифатливи за речиси сите. Накратко кажано, консуимеризмот ја претставува идејата дека купувањето на материјални работи не прави посреќни.

Луѓето ја менуваат својата животна средина многу повеќе отколку сите останати организми. На пример, ослободувањето на стакленички гасови во атмосферата доведува до климатски промени на целата Планета. Како резултат на тоа, има влијанија на распространувањето на сите други видови. Испуштањето на загадувачи во животната средина прави да организмите доаѓаат во контакт со стресни влијанија со кои тие претходно не се соочиле. Ова предизвикува еволуирање на нови вариетети, можеби и нови видови, адаптирани на загадена животна средина.

## 2 Тројното Р (Рециклирај, Реупотреби, Редуцирај)

### 2.1 Рециклирање

Рециклирањето е процес на преработка на продуктите што се наоѓаат во отпадот, при што тие служат за производство на нови продукти со иста или со слична намена.
Зошто да рециклираме?
Еве неколку добри причини:

- Рециклирањето ја намалува потребата за користење на Земјата како депонија
- Рециклирањето ги намалува проблемите поврзани со ѓубре и отпадоци
- Рециклирањето ги зачувува природните ресурси
- Рециклирањето штеди енергија и го намалува загадувањето



Најдете го патот до
Центарот за рециклирање





Депонија



Центар за рециклирање

**Важно**: При решавање на лавиринтот користет молив и гума, ако згрешите да може да поправите.

Центар за рециклирање е место каде што отпадните материјали се претвараат во нови производи, се спречува на губење на потенцијално корисните матерјали, се намалува потрошувачката на енергија, се намалува загадувањето на водата и воздухот.Депонија е место за депонирање на отпадните материјали со нивно закопување и претставува најстар начин на третирање на отпад.

# Поврзи ги точките!

Поврзете ги точките и ќе ви се појави позната слика




## Дали знаете што претставува оваа слика ?

## 2.2 Редуцирање

Редуцирање значи да се најде начин да се намали количеството на ѓубре што го фрламе. Еве неколку начини на кои ние можеме да го редуцираме ѓубрето што го создаваме :

-Кога купувате нешто од продавница, не земајте пластична ќеса ако вистински не ви е потребна.
Најпаметно е да си носете торба од дома.

-Користете батерии на полнење наместо батерии за еднократна употреба.

-Користете чинии и чаши што можат да се мијат наместо хартиени чинии и чаши за еднократна употреба кои потоа се фрлаат.

-Хартиените листови кои што не се употребени од едната страна можете да ги искористите за земање белешки, решавање на одредени задачи или правење на разни листи.

-Користете памучни марамчиња наместо хартиени марамчиња, затоа што памучните марамчиња можат да се исперат.

-Кажете му на вашето семејство, пријатели и наставниците она што вие го правите. Колку повеќе луѓе се вклучени, толку е поголема позитивната промена што може да се направи!

# Пронајди ја разликата

Пронајдете ги разликите во двете слики подолу :



## 2.3 Реупотреба

Реупотреба значи да се најде начин повторно да се искористи одреден производ после неговата првична намена. На пример: пластични шишиња и садови повторно употребени како саксии, празни тегли употребени како свеќници, или пак мала картонска кутија од бомбони или нешто слично употребена како касичка.
Преку реупотреба на отпадот ние ја штитиме земјината површина и исто така ние ги заштедуваме нашите ограничени природни ресурси и материјали кои инаку би се искористиле да се направат нови производи.
Еве неколку примери како ние можеме да реупотребиме некои од секојдневните работи што ги користиме:



-Искористете ги пластичните шишиња за да ги наполните со вода или со вашиот омилен пијалок;



-Искористете ги двете страни од листот пред да го рециклирате;



-Купете книги од продавница што продава веќе користени книги;



-Ако имате нешто скршено или расипано, наместо да купувате ново обидете се да го поправите;



-Донирајте работи наместо да ги фрлате како што се надрасната или стара облека, играчки кои не ги користите, книги кои веќе не ги употребувате итн.

## 2.4 Споделување на искуства

Во просторот подолу, напишете ги вашите искуства во врска со трите Р – Рециклирање, Редуцирање и Реупотреба. Користете свои зборови и пренесете ги вашите искуства. На пример: после пиење на сок, амбалажата ја користам за правење на саксија за цвеќиња, или пак внимавам да не трошам хартија повеќе од колку што ми треба, а со тоа придонесувам кон сечење на помалку дрвја.

Спремни сте?
Ајде да почнеме!

# 3 Поврзи реченица со соодветен збор

Ајде сега да го провериме знаењето. Подолу ќе треба да го поврзете соодветниот збор со реченицата која што му одговара. Не се грижете, сите зборови веќе се употребени во брошурата. Ако сте ја прочитале внимателно многу полесно ќе ја решите оваа задача.

**Раст**

**Развој**

**Рециклирање**

**Реупотреба**

**Редуцирање**

**Одржлив развој**

**Консумеризам**

значи да се најде начин повторно да се искористи одреден производ после неговата првична намена.

ги задоволува потребите на сегашната генерација, без да ги загрозува потребите на идните генерации.

идејата дека купувањето на материјални работи не прави посреќни.

е процес на преработка на продуктите што се наоѓаат во отпадот, при што тие служат за производство на нови продукти со иста или со слична намена.

значи да се најде начин да се намали количеството на ѓубре што го фрламе.

претставува прогресивно подобрување на економијата и на општеството.

претставува зголемување во квантитет, без зголемување во квалитет.



# 4 Животот на пластичното шише



Се започнува на нафтените платформи каде што нафтата се ископува од земјата, длабоко под океаните,



или преку ископување во нафтените полиња, која што потоа ...



преку цефководите се пренесува до ...



хемиските фабрики каде што се претвара во ...



пластични гранули, кои што потоа се пренесуваат во фабриката за пластични шишиња...



каде што тие се претвараат во пред-форма на шише




процес на претворање од пред – форма на шише, во вистиско шише



Потоа шишињата се полнат и се дистрибуираат низ продавниците и маркетите од каде што ние ги купуваме



и ги користиме за секојдневна употреба. Потоа изборот е ваш:



дали ќе го фрлите пластичното шише.



дали ќе се решите да го реупотребите, што е секогаш помудриот избор како за вас така и за околината.

# 5 Крстозбор

Со решавање на крстозборот ќе добиете по една буква во секое болдирано поле. Ако правилно ги искомбинирате буквите ќе го добиете решението на крстозборот.



**Вертикално:**

2 - Развој кој ги задоволува потребите на сегашната генерација, без да ги загрозува потребите на идните генерации.

1 - Зголемување во квантитет, без зголемување во квалитет.

6 - Општествена наука која ги разгледува производството и распределбата на богатството во општеството.

4 - Тенденцијата на луѓето силно да се идентификуваат со производите или услугите кои ги консумираат.

7 - Гасови во атмосферата кои доведуваат до климатски промени на целата планета.

8 - Повторно искористување на одреден производ после неговата првична намена.

3 - Намалување на количеството на ѓубре што го фрламе.

5 - Преработка на продуктите што се наоѓаат во отпадот, при што тие служат за производство на нови продукти со иста или со слична намена.

**Хоризонтално:**

2 - Луѓе што живеат и работат заедно во полузатворен (полуотворен) систем на меѓусебни врски и односи.

6 - Целина од неживиот и живиот дел на животната средина, во која тие се нераскинливо поврзани.

8 - Прогресивно подобрување на економијата и на општеството







Раст
Развој
Рециклирање
Реупотреба
Редуцирање
Одржлив развој
Консумеризам

значи да се најде начин повторно да се искористи одреден производ после неговата првична намена.

ги задоволува потребите на сегашната генерација, без да ги загрозува потребите на идните генерации.

идејата дека купувањето на материјални работи не прави посреќни.

е процес на преработка на продуктите што се наоѓаат во отпадот, при што тие служат за производство на нови продукти со иста или со слична намена.

значи да се најде начин да се намали количеството на ѓубре што го фрламе.

претставува прогресивно подобрување на економијата и на општеството.

претставува зголемување во квантитет, без зголемување во квалитет.



Епизода број 4

# Заштитници на Планетата

Одржлив развој


**Издавач:**
Еко Логик
Аминта Трети 16-1/10, 1000 Скопје
Тел: 389 02 615 4637
www.ecologic.mk
E-mail: ecologic.mk@gmail.com



**Автор на концепт и истражувачка дејност:**
Никола Нешкоски

**Автор(и) на текст:**
Никола Нешкоски
Маја Костова
Коста Печевски



**Дизајн и техничка подготовка:**
Унипен (www.unipen.co)

**Лектура:**
Марија Нешкоска

Оваа брошура е дел од проектот за еколошка едукација
во основните училишта на територијата на Општина Карпош.

Проектот е поддржан од:

Организација која го спроведува проектот: